# За празниците

## од Божик до Велигден

## Богојавление

Кога Господ Исус наврши триесет години од телесното раѓање, го започна Својот учителски и спасителен подвиг. И самиот почеток на тоа го означи примајќи Крштение на Јордан. Како што вели Свети Кирил Ерусалимски: „Почеток на светот е водата, почеток на Евангелието е Јордан“. Кога Исус Христос се крштеваше во водите на Јордан, на светот му се објави онаа тајна која во Стариот Завет само се навестуваше, за која во Мисир и во Индија единствено се баснословеше: тајната на Божествената Троица. Отецот му се јави на сетилото за слух, Духот на сетилото за вид, а Синот дури и на сетилото за допир. Отецот го изговори Своето сведоштво за Синот, Синот се крсти во вода, а Светиот Дух во вид на гулаб лебдеше над водата. И кога Свети Јован Крстител посведочи и рече за Христа: „Еве го јагнето Божјо кое на Себе ги зеде гревовите на светот“ (Јован 1, 29) и Го потопи и Го крсти во Јордан, со ова се укажа на Христовата мисија во светот и на патот на нашето спасение. Зашто Господ ги зеде врз Себе гревовите на родот човечки и под нив умре (потопувањето) и оживе (излегувањето од водата); а и ние мораме да умреме како стар и гревовен човек, а да оживееме очистени, обновени и преродени. Тоа е Спасителот и тоа е патот на спасението. Празникот Богојавление (на грчки Теофанија) се нарекува и Просветлување. Зашто настанот на Јордан нѐ просветлува, прво: покажувајќи ни Го Бога како Троица едносуштна и неразделна. И второ: бидејќи секој од крстените во вода се просветлува бивајќи восиновен од Отецот на светлината, со заслуга на Синот, со силата на Светиот Дух.



црква св. Георгиј, с. Курбиново, 12 век



Марков манастир, скопско, 14 век

# Сретение Господово

„Откако ја освети со Твоето Рождество девствената утроба, и ги благослови рацете Симеонови, како што прилегаше; и сега Ти прв нè пресретнуваш и нè спасуваш, Христе Боже; но и сега дарувај му мир на Својот народ, единствен Човекољупче.“ (Кондак, глас 1.)

На празникот Сретение Господово Црквата го слави споменот на значајниот настан во земниот живот на нашиот Господ Исус Христос (Лука 2, 22-40). Во 40-от ден по раѓањето, Богомладенецот беше принесен во Ерусалимскиот храм - центар на верскиот живот на богоизбраниот народ. Според законот Мојсеев (3. Мој. 12), на жената што ќе роди машко дете, во текот на 40 дена ѝ било забрането да влегува во храмот Божји. По истекот на тоа време, мајката доаѓала во храмот со младенецот за да Му принесе на Господа благодарствена и очистителна жртва. Пресвета Дева, Мајката Божја, немаше потреба од очистување, зашто Го роди Изворот на чистота и светост без да познае маж, но по Своето длабоко смирение Таа му се потчини на пропишаното во законот.

Во тоа време живееше во Ерусалим праведниот старец Симеон (се слави на 16 февруари). Тој беше добил откровение дека нема да умре додека не Го види Христа Спасителот. По небесно вдахновение, благочестивиот старец дојде во храмот во тоа време кога Пресвета Богородица и Праведниот Јосиф Го донесоа тука Младенецот Исус за да го исполнат законскиот обред. Богопримецот Симеон Го зеде на раце Богомладенецот и, благословувајќи Го Бога, изрече пророштво за Спасителот на светот: *Сега го отпушташ Својот раб со мир, Владико, според зборовите Твои, зашто очите мои го видоа спасението Твое, што си го приготвил пред лицето на сите народи, светлина за просветлување на незнабошците и слава на Твојот народ Израилот* (Лука 2, 29-32). На Пресвета Дева, пак, Праведниот Симеон Ѝ рече: *Еве, Овој лежи за паѓање и подигање на мнозина во Израилот, и е знак против Кого ќе се говори. А и на Тебе Самата меч ќе Ти ја прободе душата, за да се откријат помислите на многу срца* (Лука 2, 35).

Во храмот беше и 84-годишната вдовица Ана, пророчица, ќерка Фануилова (се слави на 16 февруари), која не се отстрануваше од храмот, служејќи Му на Бога ден и ноќ со пост и молитва. И таа во истиот час пријде славејќи Го Господа и им зборуваше за Него (Богомладенецот) на сите што Го очекуваа избавувањето во Ерусалим. (Лука 2, 37-38).

До Христовото Рождество сите праведни мажи и жени беа живееле со вера во Месијата Кој треба да дојде, Спасителот на светот, и го очекуваа Неговото доаѓање. Последните праведници на Стариот завет, кој истекуваше - праведниот Симеон и пророчицата Ана, се удостоија да Го сретнат во храмот Носителот на Новиот Завет, во Чија Личност веќе се сретнаа Божеството и човештвото.

Празникот на Сретението Господово спаѓа во најстарите празници на христијанската Црква. Сепак, овој празник сè до 6 век не се прославуваше толку свечено. Во 528 година, за време на императорот Јустинијан (527-565), Антиохија ја снајде несреќа - земјотрес, од кој погина многу народ. По таа несреќа следеше друга. Во 544 година се појави чума, која секојдневно косеше неколку илјади човечки животи. Во тие дни на сенародна беда, на еден благочестив христијанин му беше откриено дека празнувањето на Сретението Господово треба да се прави посвечено.

Кога на денот на Сретението Господово беше отслужено сеноќно бдение со литија, престанаа несреќите во Византија. Во благодарност на Бога, Црквата во 544 година, за време на владеењето на Јустинијан I, востанови посвечено да се празнува Сретението Господово.



Марков манастир, скопско, 14 век

# Благовештение

Кога Пресветата Дева наврши единаесет години пребивање и служење во ерусалимскиот храм и четиринаест од раѓањето - значи кога стапи во петнаесеттата година од животот - свештениците Ѝ соопштија дека според Законот повеќе не може да остане при храмот, туку треба да пристапи кон веридба и брак. Одговорот на Пресветата Дева беше големо изненадување за тамошните свештеници. Изјави дека Таа себеси Му се посветила на Бога и не сака да стапува во брак со никого. По Божја Промисла и вдахновение тогаш првосвештеникот Захарија, татко на св. Јован Крстител, се договори со другите свештеници, па собраа дванаесет безжени луѓе од Давидовото племе за да пронајдат еден на кого што би му ја довериле Дева Марија како на оној кој ќе ја чува Нејзината девственост и ќе се грижи за Неа. Му ја довериja на стариот Јосиф од Назарет, којшто Ѝ беше роднина. Во домот Јосифов Пресветата Дева продолжи да живее исто како во Соломоновиот храм, минувајќи го времето во читање на Светото Писмо, во богомислие и ракоделие. Од дома не излегуваше речиси никогаш ниту се интересираше за светските работи и настани. Малку зборуваше со кого било и никогаш без особена потреба. Најчесто општеше со ќерките на Јосиф. Но кога се исполни времето означено со пророштвото на Даниил и кога Бог благоволи да го исполни ветувањето што му го даде на прогонетиот Адам и на Пророците, на Пресветата Дева Ѝ се јави во одајата великиот архангел Гавриил, а некои свештеници пишуваа дека во оној миг Таа го имала пред себе отворено пророштвото на Исаија кој вели: „Ете, девојка ќе зачне и ќе роди син!“ Гавриил Ѝ се јави во архангелска светлина и Ѝ рече: „Радувај се, благодатна! Господ е со Тебе!“ И сè друго, како што пишува во Евангелието на Божествениот Лука. Со оваа архангелска благовест и со слегувањето на Светиот Дух врз Пречистата Дева, започна спасението на луѓето и обновата на созданието. А историјата на Новиот Завет значи радост за човештвото и за сета твар.



црква Пресвета Богородица Перивлепта, Охрид, 13 век

# Лазарова сабота

На овој ден се споменува чудесното воскресение на четиридневно упокоениот Лазар, во она време извршено од Богочовекот Исус Христос. Како што сведочи Светото Евангелие, овој настан бил многу непосредно (или шест дена) пред предавството и убиството на Господ Исус Христос на Голгота. Толкувачите гледаат во него предобраз и своевидна духовна подготовка на тогашните сведоци за претстојното Христово воскресение. Во секој случај, своевремено Лазаровото воскресение беше доживеано како најсилен доказ за Божественоста на Господ Христос пред тогашните Јудејци и постана камен на сопнување за мнозина. Но оттогаш мнозина и поверуваа во Него како во Спасител. Некои богослови особено ја растолкуваа човечката и Божествената природа Христова кај Лазаровото воскресение, велејќи дека Господ плачеше пред гробот на Лазар заради Својата човечка љубов кон него како мил пријател, а го воскресна со Својата Божествена сила како Бог.

„Зар не би рекол секој дека тие (Јудејците) лесно можеа да сфатат дека Он е рамен со Отецот, тогаш кога ги подигна очите кон небото и рече: *Оче, Ти благодарам, оти Ме послуша.* Бидејќи Он Самиот тогаш појасни: *А јас знаев дека Ти секогаш Ме слушаш; но ова го реков заради народов што стои наоколу, за да поверуваат дека Ти си Ме пратил* (Јован 11, 41-42), т.е. за да знаат тие дека Он е едно со Бога и дека доаѓа од Отецот и дека Нему во ништо не Му се спротивставува, туку твори чудеса по волјата на Отецот. Ги подигна пред сите Своите очи кон Отецот, и Му се обрати со тие зборови, за да сфатат дека Он, Кој зборува на земјата, Му е рамен на Највишиот Отец, Кој е на небесата. Советување претходеше како на почетокот на создавањето кое требаше да го приведе човекот во битие, така и сега - при пресоздавањето на човекот во ликот на Лазар. Тогаш, со намера да го создаде човекот, Отецот Му рече на Синот: *Да создадеме човек,* и Синот послуша, па така човекот дојде во живот. Овде пак, сега, кога Синот говореше, Отецот Го послуша, и така Лазар оживеа. Ја гледате ли овде истата чест и еднаквото почитување? Овие зборови иако заради народот изговорени во облик на молитва, не беа зборови на молитва туку на власт и господарење: *Лазаре, излези надвор!* - значи, зарем не беа едно заповедта на Живиот и молитвата на Живототворниот?“ (од беседата изговорена на Цветници од светиот архиепископ Солунски Григориј Палама)





црква св. Георгиј, Старо Нагоричане, 14 век

# Цветници

Влегувањето на Исус Христос во Ерусалим откако го воскресна четиридневно погребениот Лазар е мигот на најмногубројното и најрадосното препознавање во Него Господ и Спасител. Исус влегува во престолнината на осле, според старозаветното пророштво. Ова е уште еден од многубројните знаци по кои би можеле да Го препознаат, но сепак овој знак не го разбраа ниту Неговите ученици. Многуброен народ наслушна дека ќе дојде, па Го дочекаа со палмови гранчиња во рацете. Значи, ги слекуваа облеките од себе постилајќи ги пред Него и во восхит возвикнуваа вдахновено: *Осана! Благословен е Оној што доаѓа во името Господово, Царот Израилев!* Дури и некои од дојдените Елини на поклонение за Пасха пристапија и молеа да Го видат. Единствено свештенството и фарисеите се озлобија готвејќи се да Го погубат брзо, а мислеа да го убијат и Лазар кој сведочеше за Неговата сила и за Неговото Божество. И повторно Господ се труди да им го открие Својот идентитет на насобраните и да ги подготви за најблиската иднина и за смислата на оваа мисија и нејзините искушенија. Всушност, кога им се обраќа со словото за Крстот, тие тогаш го губат знаењето за Него како за Цар и Христос, тогаш им се затвара умот за словото и за Писмата.

Цветници се празнуваат во неделата пред Воскресение. Претставуваат сигурно најдраматичниот празник меѓу Дванаесетте големи празници на Црквата. Го означуваат почетокот на најтешката седмица во историјата на човештвото, којашто аскетското трезвеноумно познание на човековата природа ја нарекува „Страстна“.

# Велики Четврток



црква св. Никита, с. Бањани, 14 век

Главно за овој значаен ден од Страдалната седмица е дека Господ тогаш ги востанови двете суштествени тајни за нашето спасение: Светата евхаристија (на Тајната вечера: *Земете, јадете, ова е телото Мое кое за вас се прекршува за отпуштање на гревовите! Пијте од неа сите. Ова е крвта Моја која за вас и за мнозина се излева за отпуштање на гревовите! Правете го ова во Мој спомен.*) и Исусовата молитва (*...Вистина, вистина ви велам: што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви се даде*; *И што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го направам за да се прослави Отецот во Синот. Ако посакате нешто во Мое име, Јас ќе го направам...*). Со други зборови, на Велики Четврток почнува светотаинскиот живот на Црквата. Денот започна со Христовите последни поуки за карактерот на љубовта што треба да ја стекнеме ако сме Негови, Неговото смирение; се памти миењето на нозете на апостолите што го направи Сам: *Ако Јас, Господ и Учител ви ги измив нозете, тогаш сте должни и вие еден на друг да си ги миете нозете*. А заврши со предавството на Богочовекот Исус Христос на првосвештениците и фарисеите, извршено од Јуда Искариот, еден од бројот на Дванаесеттемина најблиски Христови ученици.



црква св. Никита, с. Бањани, 14 век

# Велики Петок

На Велики Петок Црквата ги споменува смртта и погребението на Господ Исус Христос и Неговото слегување во адот. Ова е стожерна точка во Страдалната седмица, тогаш Богочовекот Кој невино пострада за спасението на човечкиот род ја стекна благодатта на искупувањето од прародителскиот грев, со што се обезвласти владеењето на смртта и на пеколот (демоните) над природата на човекот. (Попросто кажано, оттогаш луѓето живеејќи богоугодно, очистувајќи ги своите срца од страстите, повторно можат да стануваат слободни личности и како такви наследници на рајот.) За овој ден Црквата пропишува најстрог пост, денот да помине без јадење и пиење (освен за немоќните и престарените), во знак на таговно сеќавање на настаните од она време. На Велики Петок тајниот Христов ученик Јосиф од Ариматеја го измоли од Пилат мртвото тело на невино распнатиот Господ Исус, а јудејскиот кнез Никодим којшто и самиот тајно Го следеше Христовото Божествено учење, со смеса од смирна и алој Му го подготви телото за погребение. Погребот е извршен во петок пред Пасха, во свеж гроб во близината на Голгота (сопственост на Јосиф од Ариматеја). Присутствувале само неколку луѓе. Долгата традиција на споменувањето на овој ден го исполнила со вонредни богослужбени дејства (ги изобразуваат настаните што се случија на Велики Петок: ова започнува со Утрената, којашто како бдение се служи уште вечерта во Четвртокот, во која се објавува евангелската историја за страдањата и смртта на Господ Исус Христос во дванаесет евангелија). Со оглед дека на Велики Петок Богочовекот Исус Христос Му се принесе Себеси како благодарствена и искупителна жртва на Бога Отецот во име на севкупната човечка природа (човечкиот род), во Црквата не се служи Светата Евхаристија, освен можеби Литургијата на претходно осветени дарови. Во аскетската книжевност, Светите отци особено се задржуваат на карактерот на молитвата на Господ во Гетсиманската градина произнесена на Велики петок, и ја покажуваат како извор, вдахновение и пример на она вонредно животворно 'сеќавање на смртта' што е преисполнето со безостатната предаденост на Синот кон волјата на Бога Отецот.



црква св. Георгиј, Старо Нагоричане, 14 век

# Велика Сабота

Од времето на страдањето на Господ Христос на крст на Голгота, секоја Велика сабота е исполнета со исчекување на благодатта на Неговото Воскресение. Смртта на Господ веќе ги воскреснала упокоените праведници во Ерусалим кои им се јавиле на мнозина, а први што трепереле пред можноста да се објави како воскреснат биле непријателите Негови (првосвештениците и фарисеите што побарале да биде убиен). Побарана е стража од римски војници да Му го чува телото. Сепак, Он како оној што невино и неправедно а Божествен претрпел понижувања, страдања и смрт на крст, незадржливо воскреснал. Смртта и пеколот (демоните) не нашле начин да воспостават власт над Таквиот. Воскреснатиот Господ им се јавил на Своите ученици онака како што сведочат Неговите апостоли и евангелисти. Долгиот богослужбен ден на Велика Сабота завршува длабоко во ноќта со бдението пред Пасха. А на животносниот Гроб Господов во Ерусалим се празнува Светиот оган. Овој оган од Светиот гроб се пренесува по Светата Земја и ги осветлува сите домови. На денот на великата новозаветна жртва Сонцето на правдата - Христос, го разгорува Светиот оган. Овој празник е востановен со чудото во времето на патријархот Наркисос, кога во недостиг од масло кандилата биле налеани со вода и запалени од оган кој чудесно слегол од небото и за време на пасхалната служба горел како под масло. Древните христијански сведоштва говорат дека незгасливиот оган се чува на Светиот гроб од раните времиња на христијанството. На бдението пред Пасха (Воскресение) во Црквите ширум Православието Епископот, бидејќи е на местото и во образот Христов, самиот ги благословува и ги пали кандилата, а сите други земаат светлина од неговата свеќа.



црква св. Георгиј, с. Курбиново, 12 век